08-652/15
30.07.2018

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Советот на Општина Демир Капија на X седница одржана на 30.07.2018 година, го донесе следното

# П Р А В И Л Н И К

**за определување на критериуми за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани, фондации и асоцијации од буџетот на општина Демир Капија**

Со овој документ се утврдуваат условите за распределба и користење на средства од буџетот на општина Демир Капија наменети за финансирање на програмски и проектни активности на здруженијата, фондациите и асоцијациите од страна на општина Демир Капија.

## Приоритетни области за поддршка

Распределбата на средствата за здруженија/фондации/асоцијации од буџетот на општина Демир Капија се врши преку грантови за проекти/проектни активности во приоритетните области и цели утврдени со актуелните стратешки документи и акциски планови на општината, а кои се однесуваат на локален економски развој, образование, култура, наука, здравство, социјала, спорт, екологијата и други области.

## Постапка при одлучување за финасирање на проекти и проектни активности на здруженија / фондации / асоцијации.

Средствата предвидени во буџетот на општина Демир Капија ги предлага Комисијата за буџет, финансии и локален економски развој при Советот на општина Демир Капија и Градоначалникот на општина Демир Капија. Висината на финасиската помош ја утврдува Градоначалникот до висина која му е определена со закон. За висината на финасиската помош над определената со закон одлука донесува Советот или од него формирана соодветна комисија.

Средствата се користат во текот на календарската година, со тоа што одреден процент од ставката „трансфери до невладини организации" се доделуваат на поднесени барања/апликации за проект по јавна објава, а дел се распределуваат во текот на годината со поднесување на барање, односно за културни, спортски, еколошки и другите манифестации и настани кои се од значење за Општината ќе бидат финансирани без јавна објава.

Предлог изборот на проекти се врши од страна на комисијата за буџет, финансии и локален економски развој при Советот на општина Демир Капија, кој предлог избор се доставува до Советот на општина Демир Капија. При изборот, комисијата го користи мислењето од соодветните комисии на Советот на општината, општинската администрација како и од претставници на здруженијата / фондациите / асоцијациите.

Општината ги објавува резултатите од објавата, како и извештајот за распределените средства за календарската година на огласната табла на општината, во службен гласник или својата веб страна. Пропратни известувања ќе се достават директно до прифатените апликации за финансирање.

## Техничка подготовка на јавната објава

Распределбата на средствата се спроведува врз основа на јавна објава, која се објавува на огласната табла на општината и/или на веб страницата на општината, во тековната година, по утврдување на висината на средства за распределба за здруженија / фондации / асоцијации.

Огласот ги содржи најмалку следните елементи:

- Приоритетни области и цели, согласно стратегиските насоки и/или годишната програма на општината
- Основни организациски критериуми
- Посебни проектни критериуми
- Временска рамка за спроведување на проектите и проектнита активности
- Вкупно предвидени /достапни средства по објава
- Висина на достапни средства за поединечен проект
- Потребна документација за пријавување
- Рок за поднесување на пријавите / барањата кој не може да биде помал од 15 дена од денот на објавување на јавната објава
- Рок за објава на резултатите
- Адреса на која треба да се испратат документите

Заедно со јавната објава, општина Демир Капија на својата огласна табла и/или веб страна објавува образец за предлог проект, образец за подесување извештај за искористени средства и образец за договорот за поддршка на проект / проектни активности помеѓу здружението/фондацијата и општина Демир Капија. Исто така, по изразен интерес за поднесување на образец за пријавување, општината ги доставува истите до заинтересираните здруженија и/или фондации по електронски пат.

Здруженијата/фондациите можат да поднесат само една пријава за финансиска поддршка, како водечка организација. Истите можат да учествуваат во рамките на друга апликација, исклучиво како партнер организација. Пријавите со непотполна документација или по истекот на договорениот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.

Заинтересираните здруженија и фондации можат да настапуваат преку заеднички проектни активности во соработка со општинската администрација и соодветните комисии при изработка на проекти.

Заинтересираните здруженија и фондации можат да поднесат и барања за кофинансирање на веќе одобрени проектни средства од друг донатор, но не повеќе од 15% од директните трошоци на одобрениот проект.

<u>**Индикативна временска рамка**</u>

| | |
|---|---|
| Објавување на јавната објава | По претходно донесена одлука на ниво на општина |
| Краен рок за поднесување апликации | 15 – 30 дена по јавната објава |
| Краен рок за објавување на резултатите од оценувањето на апликациите | 1.5 месеци по крајниот рок за поднесување на апликациите |
| Потпишување на договори со избраните апликанти | 1 месец по објава на резултатите |

<u>**Критериуми за аплицирање**</u>

Основни <u>**организациски критериуми**</u> кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите корисници на средства од општинскиот буџет се:

- Да се регистрирани според Законот за здруженија и фондации повеќе од 6 месеци, при што приоритет имаат здруженијата/фондациите со седиште во Демир Капија, или од други општини под услов ефектите од проектите и проектните активности да придонесуваат кон подобрување на квалитетот на живот во општина Демир Капија.
- Да не добиле средства или поднеле пријава од/до друг орган на државната управа или други извори за иста намена и активности за кои поднесуваат пријава, што би значело двојно финансирање на истите активности од различни извори.
- Остварување на програмските активности и дејствувањето да се во рамките на Уставот и Законите на РМ.

Проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите кои ги исполнуваат основните организациски критериуми се врши врз основа на следните <u>**посебни проектни критериуми**</u>:

| | |
|---|---|
| 1. Организациски капацитет (профил, капацитет, релевантно искуство) | 10 |
| 2. Релевантност на акцијата (усогласеност на предложената акција со приоритетите на јавната објава, анализа на проблемот и негова актуелност, избор на целна група) | 30 |
| 3. Опис на акцијата (цели, резултати, активности, пристап) | 20 |
| 4. Ефекти во локалната средина (влијание врз целните групи и корисниците, одржливост на проектните активности) | 20 |
| 5. Буџет (соодветно изразени активности во буџетот, реалност и оправданост на трошоците) | 20 |
| **Максимум бодови** | **100** |

За да биде квалификувана за финансиска поддршка, проектната апликација мора да освои најмалку 50 бодови.

<u>**Критериуми за имплементација на поддржаните проекти**</u>

- Користењето на доделените средства ќе биде специфицирано во договорот помеѓу здружението/фондацијата и општина Демир Капија.
- Договорот треба да ги содржи најмалку следните елементи: предмет на договорот, висината на доделените средства, временска рамка за спроведување на договорот, обврска совесно и одговорно да се користат доделените средства, како и да се вратат неискористените средства, обврска да се обезбеди видливост на поддршката на општината, начин на известување, оценка и следење итн.
- Доделените финансиски средства здруженијата/фондациите ги користат исклучиво за намената за која се доделени и на начин определен во предлог проектот.
- За време на спроведувањето на проектните активности здруженијата / фондациите задолжително да обезбедат видливост на поддршката од општината преку користење на логото на општината и покана за присувство на официјални лица од општината на јавните настани.
- Во рок од 60 дена по завршувањето на проектните активности, здруженијата / фондациите доставуваат финансиски и наративен извештај за користењето на средствата до комисијата за буџет, финансии и локален економски развој, заедно со сите документи, фактури / испратници за поддршка на наративниот и финансискиот извештај,

како и сите изработени публикации, анализи, извештаи како резултат на спроведените проектни активности.

**Набљудување на имплементацијата на поддржаните проекти од страна на општината**

Општина Демир Капија и комисијата за буџет, финансии и локален економски развој го следат наменското трошење на доделените средства. Набљудувањето вклучува посети на терен на однапред најавени активности во рамките на проектот.
Комисијата може да бара поврат на доделените средства доколку утврди дека средствата се трошат ненаменски и спротивно на договорот.

Комисијата за буџет, финансии и локален економски развој спроведува постапка за оценка на користењето на распределените средства и за постигнатите резултати од поддржаните активности врз основа на поднесените извештаи од здруженијата / фондациите / асоцијациите.
Комисијата поднесува писмен извештај за користењето на распределените средства и постигнатите резултати од поддржаните проекти до Советот на општина Демир Капија.

Јавната објава треба да ги содржи сите претходно наведени ставки.

**Преодни и завршни одредби**

За се што не е предвидено со овој правилник, важат одредбите од позитивните законски прописи.
Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Совет на Општина Демир Капија
Претседател
Ивана Лазова

ПРИЛОГ 1

Врз основа на Правилникот за определување на критериуми за доделување на финансиска помош на задруженија на граѓани, фондации и асоцијации на Општина Демир Капија („Службен гласник на Општина Демир Капија „ бр. _____), Градоначалникот на општина Демир Капија објавува

**ЈАВНА ОБЈАВА**

**За прибирање проекти од здруженија и фондации за _____ година, од Програмата - Трансфер до НВО, од Буџетот на Општина Демир Капија за _____ година.**

Финансиските средства предвидени во **Програмата** - Трансфер до НВО и приоритетните области и цели утврдени со актуелните програмски планови на општината, а кои се однесуваат на локален економски развој, образование, култура, наука, здравство, социјала, спорт, екологијата и други области, од Буџетот на Општина Демир Капија за _______ година ќе се доделуваат на здруженија и фондации по поднесена проектна апликација и/или барање за финансиска поддршка на активности.

**Основни критериуми кои треба да ги исполнуваат Здруженијата и Фондациите кои учествуваат на овој повик се:**

Основни **организациски критериуми** кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите корисници на средства од општинскиот буџет се:

- Да се регистрирани според Законот за здруженија и фондации повеќе од 6 месеци, при што приоритет имаат здруженијата/фондациите со седиште во Демир Капија, или од други општини под услов ефектите од проектите и проектните активности да придонесуваат кон подобрување на квалитетот на живот во општина Демир Капија.
- Да не добиле средства или поднеле пријава од/до друг орган на државната управа или други извори за иста намена и активности за кои поднесуваат пријава, што би значело двојно финансирање на истите активности од различни извори.
- Остварување на програмските активности и дејствувањето да се во рамките на Уставот и Законите на РМ.

Проценката на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите кои ќе ги исполнат основните организациски критериуми, ќе се врши врз основа на следните **посебни проектни критериуми**:

| | |
|---|---|
| 1. Организациски капацитет (профил, капацитет, релевантно искуство) | 10 |
| 2. Релевантност на акцијата (усогласеност на предложената акција со приоритетите на јавната објава, анализа на проблемот и негова актуелност, избор на целна група) | 30 |
| 3. Опис на акцијата (цели, резултати, активности, пристап) | 20 |

писмо / потпишана од застапникот, заверена со печат и штембил, Здружението или Фондацијата задолжително треба да ги достави следниве прилози:

1. Пополнета „Пријава“ која може да се симне од веб страницата на Општина Демир Капија,
2. Копија од Решението за упис во регистарот на Здруженија и Фондации (Тековна Состојба),
3. Профил на организацијата со референтна листа на досега реализирани проекти – во рамки на форматот за аплицирање,
4. Извештај за добиените средства од Општината Демир Капија во изминатата фискална година и начинот на нивната реализација.
5. CV (кратка биографија) на главниот вклучен персонал
6. и / или Меморандум за соработка помеѓу партнерите, доколку се настапува партнерски

**Проектната апликација треба да биде доставена во затворен плик**

**Крајниот рок за поднесување на пријавите е 15 / 30 дена од објавувањето на јавната објава (00.00.201_) која е објавена на огласната табла на општината, во службениот гласник и / или на општинската веб страна.**

**Пријавата со целокупната документација треба да се достави преку пошта или лично на адреса:**

**Општина Демир Капија - Одделение за ЛЕР**

**ул. 11-ти Октомври бб, 1442 Демир Капија**

**На пликот во горниот лев агол треба да стои „Не отварај“, а во долниот десен агол За јавна објава по Програмата -Трансфер до НВО,** а кои се однесуваат на ... локален економски развој, образование, култура, наука, здравство, социјала, спорт, екологијата и други области ...

**Напомена**: Пријавите со непотполна документација или пристигнати по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.

Здруженијата или Фондациите учеснички на јавната објава ќе бидат известени за резултатите во рок од 15 дена од денот на донесување на Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Општината Демир Капија за ____ година, наменети за финансирање на програмски активности на Здруженија и фондации.

Лице за контакт:

____________________

Раководител на Одделение за ЛЕР/Општина Демир Капија

Тел:______

mail: ______________

**ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**

__________________________

| | |
|---|---|
| Локација | |
| Главни активности | |
| **Буџет** (во МКД): | |

## III. ОПИС НА ПРОЕКТОТ

Ограничете го описот на проектот на ПЕТ СТРАНИЦИ.

### 1. Потреба и проблем

Дадете општ приказ и анализа на проблемот кој ќе ги третира проектот. Јасно идентификувајте го специфичниот проблем кој треба да се реши и потребата која треба да се задоволи.

| |
|---|
| |

### 2. Цел и краткорочни цели

Дефинирајте ги целите (општа цел и специфични цели) на проектот кои се однесуваат на посакуваните конкретни подобрувања или промени кои треба да се постигнат со проектот. Целите треба да се во согласност со приоритетните области наведени во конкурсот. Секоја цел треба да биде јасна, мерлива и реална.

| |
|---|
| |

### 3. Очекувани резултати

Наведете ги очекуваните проектни резултати. Постигнувањето на резултатите треба да води кон реализирање на специфичните (краткорочните) цели на проектот. Објаснете го и долгорочното влијание и ефектите во локалната средина (влијание врз целните групи и корисниците, одржливост).

| |
|---|
| |

### 4. Активности

Дадете краток опис на предложените активности поврзани со реализацијата на проектот (секоја активност објаснете ја во еден параграф). Објаснете го придонесот на секоја активност кон постигнувањето на специфичните (краткорочните) цели на проектот.

Овластен потписник на организацијата: ______________________

Потпис: ______________________

Датум: ______________________

МП

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | | | | | |
| 5. | | | | | |
| 6. | | | | | |
| 7. | | | | | |
| 8. | | | | | |
| 9. | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Вкупно | | | | | |

**Во прилог доставете копии од документи, договори, фактури/сметки/испратници врз основа на кои се исплатени трошоците за реализирање на активностите. Фактурите /сметките треба да ги покријат сите трошоци наведени во буџетот од проектот.**

____________ М.П. ________________________

дата потпис на овластено лице

Корисникот има обврска до општината да достави завршен извештај (Наративен и финансиски, заедно со сите пропратни документи) за реализација на проектот, најдоцна до _________ година.

Член 5

Корисникот има обврска да води соодветна евиденција и документација за приливот и користење на средствата по намените за кои му се доделени.

Општината има право да врши контрола за наменско и законито користење на доделените средства согласно овој договор, за што корисникот е должен на општината да и овозможи целосен и непречен увид во реализација на проектот.

Член 6

Општината има право да го раскине договорот и да бара враќање на доделените средства, односно авансот, со законска затезна камата во случај кога корисникот ненаменски и незаконски ги користи средствата, или не може да го реализира проектот или по негова вина ги надмине договорените рокови, или дококу не исполни други обврски во согласност со договорот.

Член 7

Корисникот има обврска на сите материјали (печатени и електронски) кои што ќе бидат продуцирани во рамки на проектот на видно место да стои логото на општината.

Член 8

Евентуални спорови во врска со реализација на овој договор договорните страни ќе настојуваат да ги решат спогодбено, а во случај на спор надлежен ќе биде Основниот суд во _________.

Член 9

Договорот е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

Член 10

Договорот стапува на сила со денот на потпишување од двете договорни страни.

Здружение / Фондација

"-----------------------------------"

_____________________________

Општина _______________

Градоначалник

-----------------------------------

_____________________________

| | |
|---|---|
| Дали апликантот има претходно добиено финансиска помош од Општината?<br><br>Ако ДА кога и колку? | |

| *2. ПАРТНЕР ОРГАНИЗАЦИЈА (ако е различно од апликантот)* | |
|---|---|
| Име на организацијата / клубот ...: | |
| Поштенска адреса: | |
| Телефон: | |
| Факс: | |
| E-mail: | |
| Контакт лице, Позиција: | |
| Овластено лице, Позиција: | |

| *3. ИНФОРМАЦИИ ЗА АКТИВНОСТИТЕ* | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Наслов на апликацијата: | | | |
| 2. Цели на активностите: | | | |
| 3. Целни групи: | | | |
| 4. Оправдување на активностите: | | | |
| 5. Проектни активности: | | | |
| 6. Очекуван резултати од активностите: | | | |
| 7. Временски период на спроведување, план за спроведување: | | | |
| 8. Дали апликацијата е поднесена до друг донатор? (Наведете ги сите донатори) | | | |
| 9. Вкупна сума побарана од Општината (MKD): | | Вкупна сума за активностите: | |

| *4. БУЏЕТ ЗА АКТИВНОСТИТЕ (МКД)* | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни категории** | **Барана финансиска поддршка од Буџетот на Општината** | **Партиципација од апликантот - сопствени средства** | **Вкупно** |
| **I. Вработени (вкупно)** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***Вкупно VI*** | ***0,00*** | ***0,00*** | ***0,00*** |
| **VII. Специфични трошоци поврзани со активностите (вкупно)**<br>- искористете ги овие ставки и доколку е потребно, додадете детали или ставки што се релевантни за Вашиот проект | | | |
| Договори за услуги | | | *0,00* |
| Изнајмување простории за организирање настани (видео, аудио, превод) | | | *0,00* |
| Публикации | | | *0,00* |
| Конференции и работилници | | | *0,00* |
| Комуникациски продукти | | | *0,00* |
| Набавка на материјали за настани | | | *0,00* |
| ***Вкупно VII*** | ***0,00*** | ***0,00*** | ***0,00*** |
| **Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII)** | ***0,00*** | ***0,00*** | ***0,00*** |
| **Вкупно процентуално учество - %** | | ***0,00*** | |

*Забелешка:*

Оваа форма може да биде продолжена, но не повеќе од 5 страници.

Во прилог е и Excel верзија за буџетот.

Прилози, придружни документи можат да бидат презентирани.

_______________,
____. ____. 20___.
(Место)
(датум)

_______________________________________
(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фонацијата)

_____________________________
(Потпис)

М.П.

ПРИЛОГ 7

## ИЗЈАВА ЗА НЕПРИСТРАСНОСТ И ДОВЕРЛИВОСТ
## ЈАВЕН ПОВИК БР: 00/201_

за поднесување на Пријави за финсиска поддршка за користење средства од буџетот на општина Демир Капија за _______ година, наменети за финансирање на проекти / проектни активности на здруженија и фондации од општина Демир Капија и регионот.

Јас, долупотпишаниот, изјавувам дека се согласувам да учествувам во евалуацијата на горенаведениот јавен повик. Со оваа изјава, изјавувам дека сум свесен за следново:

1. Финансиски и други лица кои се вклучени во имплементација и управување со буџетот, вклучувајќи ги тие кои подготвуваат акти, ревизија и контрола, нема да преземат било каква акција која може да ги стави нивните интереси во конфликт со тие на Општина Демир Капија. Доколку постои таков ризик, лицето за кое станува збор ќе се воздржи од таква акција. Тој или таа ќе ја адресира оваа работа до претпоставениот кој му ја делегирал задачата и ќе го информира претпоставениот по хиерархија. Претпоставениот кој ја делегирал задачата ќе потврди во писмена форма за тоа дали постои судир на интереси. Истиот, лично ќе преземе понатамошни соодветни активности.

2. За целите на членот 1, судир на интереси постои каде непристрасната и објективната примена на функциите на финансиското лице или друго лице, како во член 1, е компромитирано од причини кои го вклучуваат семејството, емоционалниот живот, политички или национални афинитети, економски интерес или друг споделен интерес со понудувачот.

Изјавувам дека, според моето знаење, немам судир на интереси со понудувачите кои доставиле понуда за овој јавен повик, вклучувајќи ги лицата или членовите на партнерските организации / конзорциумите, или предложените подизведувачи.

Потврдувам дека доколку откријам во текот на евалуацијата дека таков конфликт постои или може да постои, веднаш ќе го изјавам тоа до претседателот на комисијата за набавка. Во случај кога тој судир на интереси е потврден од страна на претседателот, се согласувам да го прекинам учеството во комисијата за набавка.

Потврдувам дека се имам запознаено со достапните информации до денес, кои се однесуваат на овој повик, вклучувајќи ги одредбите во Упатството за оценување (Критериуми за оценка на проектите) кои се однесуваат на процесот на евалуација.

Ќе ги исполнувам моите обврски непристрасно и објективно. Понатаму, изјавувам дека според моето познавање, не сум во ситуација која може да фрли сомнеж на мојата способност да ги евалуирам понудите / апликациите по јавниот повик.

Ќе одржам најстрога доверливост во однос на сите здобиени информации како резултат на моето инволвирање во процесот на евалуација на горенаведениот јавен повик, како и сите информации кои се однесуваат специфично на предметот на овој јавен повик.

Нема да откријам такви информации до ниедно лице кое не е овластено да има пристап до такви информации, ниту да го дискутирам тоа со било кое лице на јавно место, или каде други може да го слушнат тоа.

Дополнително, информациите ќе ги користам само во контекстот и за целите на евалуацијата на овој специфичен јавен повик.